Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 51 е став 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 50-та седница одржана на 30.06.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на бројот на трговски денови во еден месец и процентот на исполнување во однос на вкупното траење на тргувањето во тој месец**

1. Во текот на еден месец поддржувачот на ликвидноста не смее да има:

   - повеќе од 2 последователни трговски денови во кои не ги исполнил условите за извршување на работата поддржувач на ликвидност или повеќе од вкупно 5 трговски денови во кои не ги исполнил условите за извршување на работата поддржувач на ликвидност, или
   - помало истовремено исполнување на условите за одржување на ликвидноста во текот на еден месец од 40% од вкупното траење на времето на тргување во тој месец кое се зема предвид за исполнување на дневната минимална временска застапеност (подфазата рандом, отворањето на пазарот и главната трговска фаза од тргувањето).

2. При пресметката на времето од алинеа 2 од точка 1 од оваа Одлука не се пресметува:

   - времето во кое тргувањето со одредена хартија од вредност е задржано, без оглед дали станува збор за задржување заради технички или некои други причини (освен прекинувачките аукции);
   - времето во кое поддржувачот на ликвидноста не може да ја извршува својата работа поради технички причини, од моментот на пријавување на неможноста за извршување на својата работа на Берза до моментот на отстранување на причините за настанување на дефектот.

3. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките и архивата на Берзата и за истата да се информира јавноста.

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од 15.07.2011 година

**Одбор на директори**

**Претседател**
**Кристијан Поленак**